ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 14-150/2**

**Дата: 26.02.2014**

**ДО**
**ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА СТРАНКА НА ДЕМОКРАТСКА АКЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА - СДА**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност (сметка за редовно работење) на Политичката партија Странка на демократска акција на Македонија - СДА Скопје (во понатамошниот текст СДА) за 2012 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Политичката партија СДА Скопје за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на СДА за 2012 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Со извршената ревизија на презентираните финансиските извештаи за 2012 година ревизијата констатира дека:

- Годишната сметка[1] и Годишниот финансиски извештај[2] не се доставени до Државниот завод за ревизија и истите не се објавени на веб страна на партијата;
- неправилности во начинот на евиденција на сметководствените настани поврзани со благајната;

[1] На ден 01.11.2013 година до Државниот завод за ревизија партијата ја достави Годишната сметка.
[2] На ден 02.12.2013 година до Државниот завод за ревизија, партијата достави Годишен финансиски извештај.

- несоодветно евидентирање на трансакциите за однапред исплатените парични средства за подмирување на обврските кон добавувачите, во известувачкиот период, а и претходно и без презентирање на веродостојни податоци,
- не е извршен попис и усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководствената евиденција со фактичката состојба;
- не се врши евидентирање и искажување на сметката активни временски разграничувања и обврски кон добавувачите за превземените, а неплатените обврски;
- не се врши редовно навремено и хронолошко евидентирање на сите настанати трансакции во деловните книги,
- не поседување на доволно докази за потврдување на бројот на ограноци кои користат деловен простор, нивното седиште и начинот на нивното користење (со или без надомест).

Надлежните органи и законскиот застапник на партијата потребно е да преземат мерки и активности за надминување на утврдените состојби.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:

- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот на донации;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации, како и
- отсуство на изработени пречистени закони.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.
Извршивме обелоденување во делот на начинот на обезбедување на средства на име членарина за финансирање на активностите на партијата.

На ден 29.01.2014 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-1087/3 од 30.12.2013 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 14 до 16) заедно со ревизија на усогласеност (сметка за редовно работење) на Политичката партија СДА за 2012 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Политичката партија Странка на демократска акција на Македонија - СДА Скопје за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Авдија Пепиќ, претседател на партијата од 30.03.1992 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на СДА се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

**2. Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените

сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 29.10.2013 година до 31.10.2013 година кај Политичката партија Странка на демократска акција на Македонија-СДА Скопје од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 18.12.2013 година.
На ден 29.01.2014 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-1087/3 од 30.12.2013 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на утврдените состојби во нацрт извештајот, односно дел од доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби и воедно не се доставени нови докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби.

Текстот на забелешките по нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Со одредбите на член 26 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено дека Годишната сметка политичката партија е должна да ги достави до надлежните органи и јавно да ја објави на веб страницата на политичката партија. Со извршената ревизија констатиравме дека годишната сметка за 2012 година не беше доставена до Државниот завод за ревизија и во исто време на ревизијата не и се презентирани докази дека Годишната сметка/целокупниот сет на финансиски извештаи се објавени на веб страната на партијата. Наведената состојба влијае на можноста до пристап на информациите кои ги дава истата од страна на заинтересираните страни.

По препорака на ревизијата Годишната сметка на СДА на ден 01.11.2013 година е доставена до Државниот завод за ревизија.

3.1.2. Со одредбите од член 27 и 27-а од Законот за финансирање на политичките партии е уредена обврската за изготвување и доставување на Годишниот финансиски извештај до надлежните органи како и негово објавување на веб страната на политичката партија, најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година. На ревизијата не и се презентирани податоци дека Годишниот финансиски извештај е изготвен и доставен до Државниот завод за ревизија како и дека е објавен согласно утврдените барања. Наведената состојба влијае на можноста до пристап на информациите кои ги дава истиот на заинтересираните страни, како и на остварување на правото на редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија.

По препорака на ревизијата Годишниот финансиски извештај на СДА на ден 02.12.2013 година е доставен до Државниот завод за ревизија.

На ден 29.01.2014 година законскиот застапник во прилог на забелешките достави склучен договор на ден 20.12.2013 година за уредување на меѓусебните права и обврски со партијата и приватен правен субјект, за изработка и хостирање на веб страница на партијата.

Ревизијата изврши увид во наведеното име на веб страна на партијата содржано во склучениот договор при што утврди дека на веб страната која е со опис „во изработка“ е извршено објавување на Годишниот финансиски извештај за 2012 година и на дел од сетот на Годишната сметка за 2012 година. Истите не се потпишани и архивирани, а податоците презентирани во истите не се заштитени од причина што е можно нивно менување.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да преземе мерки за објавување на целокупниот сет на финансиски извештаи (годишна сметка и Годишен финансиски извештај), истите да бидат авторизирани и заштитени од евентуални менувања/дополнувања итн. на веб страницата на партијата и да обезбеди податоците на соодветен начин да бидат достапни на заинтересираните страни.

## 3.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.2.1. Со извршената ревизија на искажаните транскации/сметководствени настани во деловните книги, кои се однесуваат на благајничкото работење, констатиравме одредени состојби и тоа:

- сите трансакции евидентирани во 2012 година кои се однесуваат на благајната се евидентирани во еден налог и еден благајнички извештај од ден 31 декември;
- исплати по сметки во готово над пропишаниот законски максимум;
- необезбедено доследно почитување на одлуката на утврдениот благајнички максимум,
- во известувачкиот период подигнати се парични средства во готово во износ од 1.002 илјади денари за кои заклучно со 31.12.2012 година извршено е раздолжување за износ од 84 илјади денари. Состојбата на нераздолжените парични средства во благајна на крајот на известувачкиот период изнесуваат 950 илјади денари.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите од Законот за платниот промет и Законост и Правилникот за сметководството на непрофитните организации и предизвикува можност од несоодветно користење на средствата.

Во текот на вршењето на ревизијата презентирани се дополнителни докази со кои во деловните книги за 2013 година е извршено раздолжување на подигнатите парични средства во износ од 892 илјади денари.

**Препорака**

Законскиот застапник на партијата да преземе мерки и активности со кои ќе:

- обезбеди навремено раздолжување на подигнатите парични средства со уредни и веродостојни документи;
- оневозможи поединечните исплати на средства да бидат во износи поголеми од со закон пропишаниот максимум;
- обезбеди доследно почитување на утврдениот благајнички максимум.

3.2.2. Со извршената ревизија на начинот на искажување на однапред исплатените парични средства за подмирување на обврските кон добавувачите, за кои во известувачкиот период, а и претходно не се презентирани уредни и веродостојни податоци, ревизијата утврди дека не е воспоставена пракса за правилно евидентирање на овие трансакции со што истите се евидентираат на долговната страна на сметката обврски кон добавувачите во земјата. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот и Правилникот за сметководството на непрофитните организации и истата предизвикува потценување на почетната состојба на Обврските кон добавувачи, Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции и сметката Пасивни временски разграничувања за износ од 108 илјади денари со состојба на 01.01. односно на крајот на известувачкиот период за износ од 515 илјади денари. Во исто време наведената состојба

предизвикува и разлика на искажаните податоци во деловните книги и презентираните податоци во финансиските извештаи.
Во текот на вршењето на ревизијата презентирани се дополнителни докази со кои во деловните книги за 2013 година е извршено затворање на претплатното салдо на обврските кон добавувачи во износ од 209 илјади денари.

**Препорака**
Законскиот застапник на партијата да обезбеди навремено доставување на документите кои претставуваат основ на плаќање на обврските кон добавувачите и воедно го задолжи лицето за водење на деловните книги за правилно евидентирање на настанатите трансакции.

3.2.3. Со извршената ревизија на искажаните трансакции/сметководствени настани и нивното искажување во деловните книги ревизијата утврди одредени состојби и тоа:
- не се презентирани докази за извршен попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и обврските во известувачкиот период со состојба на ден 31. Декември;
- не се врши евидентирање и искажување на сметката активни временски разграничувања и обврски кон добавувачите за превземените, а неплатените обврски;
- не се врши редовно навремено и хронолошко евидентирање на сите настанати трансакции во деловните книги поради што евидентираните трансакции се со налог на книжење од 31.12.2012 година.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на непрофитните организации и влијае на квалитетот на финансиските извештаи.

**Препорака**
Законскиот застапник на партијата да преземе мерки и активности со кое ќе:
- изврши формирање на комисија за попис, извршување на попис од страна на истата и обезбеди податоци за усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- го задолжи лицето одговорно за водење на деловните книги за навремено, ажурно и хронолошко евидентирање на настанатите трансакции во деловните книги.

**Биланс на приходи и расходи**

3.2.4. Согласно одредбите од Статут на политичката партија СДА, истата се организира како ограноци-градски и регионални, клубови и месни одбори. На ревизијата не и беа презентирани акти за формирање на ограноци на партијата, донесени од страна на соодветниот надлежен орган на партијата. Со извршениот увид во приложената сметководствена и друга документација ревизијата утврди дека партијата не презентираше целосна уредна документација за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски со правните/физички лица - сопственици на деловен простор користен од страна на партијата. Наведената состојба не е во согласност со одредбите од Законот за облигационите односи поради што не е можно потврдување на вкупните трошоци во случаите ако партијата користи деловен простор со надомест или на приходите по основ на донација во случаите каде што партијата користи објект без надомест.

**Препорака**

Надлежниот орган на Политичката партија СДА да донесе акт за бројот и седиштето на ограноците на партијата и да го определи и соодветно уреди начинот на користење на деловниот простор.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 3.2. се: не се врши редовно навремено и хронолошко евидентирање на сите настанати трансакции во деловните книги; неизвршен попис и неизвршено усогласување на состојбите во сметководството со фактичката состојба на 31 декември; не воведување евиденција на сметките активни временски разграничувања и обврски кон добавувачите за превземените, а не платени обврски и неможност за потврдување на вкупните трошоци во случаите кога партијата користи простор со или без надомест.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење - за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Политичката партија Странка на демократска акција на Македонија - СДА на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење - за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Политичката партија Странка на демократска акција на Македонија - СДА, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09; 148/11; 142/12 и 23/13), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна на секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста. Со став четири од наведениот член е уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[3]„.

До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер.

Ревизијата истакнува дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 142/12) наведениот член 17 има претрпено измени во делот на содржината на регистарот на донации и начинот на објавување на истиот. Во исто време во член 27-б предвидени се прекршочни одредби за запирање (суспендирање) на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија за политичката партија која нема да ги објави податоците за донациите примени во текот на годината согласно со членот 17 од законот и кое ќе трае до уредно исполнување на обврските согласно истиот член. Утврдената состојба влијае на остварување на правото на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија во тековниот и наредниот период.

[3] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година;

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежниот министер да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

5.2. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003 и 17/2011) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[4]“. Со извршениот увид во: Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/05; 11/06) и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/2005), ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[5] кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа“. За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе

[4] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.
Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[5] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481-Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482-Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции “.

5.3. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/2004, 5/2007, 8/2007; 5/2008 и 23/2013) вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 57/2007 и 60/2007). Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоренаведените законски акти.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. Согласно Законот за финансирање на политичките партии и одредбите од презентираниот Статут на политичката партија Странка на демократска акција на Македонија - СДА, е уредено дека партијата својата активност ја финансира помеѓу другото и од партиска членарина, која е должен да ја плаќа секој член и висината ја одредува Извршниот одбор. На ревизијата не и е доставен акт за определување на висината на членарината донесен од страна на надлежниот орган на партијата и не се презентирани податоци дека овие одредби од Статутот се применуваат од страна на членовите на партијата.

Опишаниот начин на уредување на начинот на плаќање и неопределувањето на висината на членарината од страна на соодветниот орган во партијата влијае врз можностите за остварување и определување на обемот на приходи по овој основ.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 1 | - |
| Приходи од членарини, подароци и донации и приходи од други извори | 1.117 | 1.305 |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 1.109 | - |
| **Вкупно приходи** | **2.227** | **1.305** |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 265 | 260 |
| Други расходи | 8 | 2 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 3 | - |
| **Вкупно расходи** | **276** | **262** |
| **Нето вишок на приходи над расходи** | **1.951** | **1.043** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1.541 | 1.106 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 14 | 14 |
| Краткорочно- финансиски побарувања | 515 | 108 |
| **Вкупно тековни средства** | **2.070** | **1.228** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 7 | 7 |
| **Вкупно постојани средства** | **7** | **7** |
| **Вкупна актива** | **2.077** | **1.235** |
| **Пасива** | | |
| **Краткорочни обврски** | | |
| Краткорочни финансиски обврски | 55 | 55 |
| Пасивни временски разграничувања | - | 65 |
| **Вкупни краткорочни обврски** | **55** | **120** |
| **Извори на средства** | | |
| Деловен фонд | 71 | 71 |
| Нераспределен дел од вишокот на приходи - добивка | 1.951 | 1.044 |
| **Вкупно извори на средства** | **2.022** | **1.115** |
| **Вкупна пасива** | **2.077** | **1.235** |

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Деловен фонд | Вкупно |
|---|---|---|
| Состојба 01.01.2012 година | 71 | 71 |
| Состојба 31.12.2012 година | 71 | 71 |

28 01 2014
14 150/1

**СТРАНКА НА ДЕМОКРАТСКА АКЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА - СДА**

**До ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА-ДРЗ Скопје**

Предмет: Информации во врска со Нацрт извештајот бр. 14-1087/4 од 30.12.2013

Во врска со Наодите искажани во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Политичката партија Странка на демократска акција на Македонија - СДА за 2012 година, Ви ги доставуваме следниве Информации:

**Во делот каде што стои дека не се доставени Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за 2012 год, до Државниот завод за ревизија и истите не се објавени на веб страната на партијата, сакаме да ве информираме дека овој дел е завршен во текот на ревизијата, исполента е препораката дадена од ваша страна.**

**Сакаме да потенцираме дека се води сметководствена евиденција, дека коректно и соодветно се евидентирани сите уплати и исплати, како во делот на благајната, така и во делот на обврските спрема добавувачите, а сето тоа беше презентирано на ревизијата. Во периодот додека течеше постапка на ревизија , ви беа дополнително доставени влезни фактури , сметки и слично и од периодите кои претходеа на 2012 година , кои во голем дел ги затворија отворените состојби прикажани на сметководствените извештаи. Значи дека евидентираните исплати се основани и се однесуваат на обврски кон добавувачите кои се во функција на дејноста на Партијата (закуп,телефонски сметки,графички,сметководствени,нотарски и сл.) Сепак се согласуваме во делот дека навремено и ажурно треба да се евидентираат промените и да се води уредно благајната, потребните книги и се што е наведено како пропуст, но кој работи и греши.**

**Ги прифаќаме целосно препораките во овој дел.**

**Би сакале да го цените фактот дека партијата постои 20 година, а за прв пат се врши ревизија на истата, а како и сами наведувате дека постојат системски слабости , недоречености во законските прописи, во отсуство на одредени Правилници врзани со регулативата околу евиденцијата и организацијата на Политичките партии, сето тоа на извесен начин допринесува за направените пропусти.**

**Сепак во голем дел се согласуваме со утврдените состојби во нацрт извештајот.Активностите на ревизијата, како и дадените препораки ги цениме во правец на сеопфатно подобрување на целокупното работење на партијата.Се надеваме дека нашите информациии ке бидат** разгледани и прифатени од ваша страна дека ќе добиеме позитивна препорака , што многу би ни значело како за мала партија која треба сепак да опстане на просторот на РМ, а тоа би било тешко со самофинансирање без подршка на соодветното Министерство.

Сето она за што го исполниме во текот на ревизијата, би сакале да не биде запишано во текстот на конечниот извештај како наш пропуст, грешка или недоставена документација.

Ви благодариме за коректниот однос , за разбирањето и соработката.

Прилог:Договор со ДОНЕВ СЕРВЕР ДООЕЛ Скопје

Со почит,

Претседател на Партија- СДА,
Авдија Пепиќ

**Одговор**
**на забелешки на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник на политичката партија Странка на демократска акција на Македонија - СДА Скопје, на ден 29.01.2014 година достави забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на за 2012 година (сметка за редовно работење), заведени во Државниот завод за ревизија под број 14-150/1.

Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатените забелешки/информации на **точката 3.1.1. и точката 3.1.2.**, кои се однесуваат на тоа дека Годишната сметка на партијата за 2012 година и Годишниот финансиски извештај за 2012 година не се доставени до Државниот завод за ревизија и не се објавена на веб страната на партијата, **претставува известување** за преземените активности за надминување на утврдените состојби. Неоспорен е фактот дека законскиот застапник во текот на вршењето на ревизијата, по дадена препорака на овластениот државен ревизор Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај ги достави до Државниот завод за ревизија што е обелоденето и во самиот извештај. Во делот на постапување по дадените препораки за објавување на истите финансиски извештаи на веб страната на партијата, законскиот застапник достави склучен договор на ден 20.12.2013 година за уредување на меѓусебните права и обврски со партијата и приватен правен субјект, за изработка и хостирање на веб страница на партијата. Презентираниот договор укажува дека партијата немала своја веб страна, а со тоа и не извршила објавување на Годишната сметка и на Годишниот финансиски извештај. Ревизијата изврши увид на веб страната на партијата при што утврди дека на веб страната која е со опис „во изработка" е извршено објавување на Годишниот финансиски извештај за 2012 година и на дел од сетот на Годишната сметка за 2012 година. Истите не се потпишани и архивирани, а податоците презентирани во истите не се заштитени при што можно е нивно менување. Ценејќи ги преземените активности за постапување по дадените препораки ревизијата ќе изврши соодветно обелоденување во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор и преформулирање на дадените препораки.

2. Упатените забелешки на **точката 3.2.**, која се однесува на утврдените неправилности во начинот на искажување на трансакциите во деловните книги и нивно потврдување со уредни и веродостојни книги **не се прифаќа**. Во најголем дел законскиот застапник изнесува сопствено видување за

---

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор
1. ______________________
2.______________________
3.______________________

утврдените состојби и дадените препораки и укажува дека во текот на ревизијата се доставени дополнителни докази. Ревизијата не ја оспорува наведената состојба дека во текот на ревизијата се доставени дополнителни докази, оваа состојба е соодветно обелоденета во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор во точките 3.2.1. и 3.2.2., но законскиот застапник не достави нови докази во прилог на забелешките кои би предизвикале менување на утврдените состојби.

Скопје, 19.02.2014 година

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ______________________

2.______________________

3.______________________